СЛУЖБЕН ВЕСНИК

НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

БРОЈ 32 | 25 НОЕМВРИ 1946 ГОД. | Год. II

Службен весник на Народна Република Македонија излегува повремено. Ракописите се праќаат на адреса: Редакција „Службен весник на Н. Р. М." Скопје. Ракописите не се враќаат

Цена 5 динари од табак. Претплата за 3 месеци 135 динари за една година 250 динари. Огласите се плаќаат по тарифата објавена во „Службен весник на НРМ бр. 7/46 Чек. смет. при Пошт. штед. бр. 83-109

339

УКАЗ

НА ПРЕЗИДИУМОТ НА УСТАВОТВОРНОТО СОБРАНИЕ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

По предлог на Претседателот на Владата на Народна Република Македонија, а на основа чл. 4 точка 7 и 8 од Законот за Президиумот на Уставотворното собрание на Народна Република Македонија — Президиумот на Уставотворното собрание на Народна Република Македонија на своето заседание од 12 ноември 1946 година го донесе следниот

УКАЗ

1. — Се УВАЖУВА оставката поднесена од Министерот на социјалните грижи Д-р Борис Спиров, поради избирањето му за Претседател на Уставотворното собрание на НР Македонија;

2. — Се ИМЕНУВА за заменик на Министерот на социјалните грижи Д-р Вукашин Попадич, Министер на народното здравје.

Смрт на фашизмот — Слобода на народот!

СЕКРЕТАР. Борко Темелкоски, с. р. ПРЕТСЕДАТЕЛ. Богоја Фотев, с. р.

340

На основа член 4 точка 3 од Законот на Президиумот на Уставотворното собрание на Народна Република Македонија, Президиумот на Уставотворното собрание на Народна Република Македонија, донесуе:

УКАЗ

за прогласување на Законот за Президиумот на Уставотворното собрание на Народна Република Македонија изгласан од Уставотворното собрание на Народна Република Македонија, на 4 ноември 1946 година кој што гласи:

ЗАКОН

ЗА ПРЕЗИДИУМОТ НА УСТАВОТВОРНОТО СОБРАНИЕ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Уставотворното собрание избира Президиум на Уставотворното собрание на Народна Република Македонија.

Президиумот на Уставотворното собрание се состои од председател, 2 подпредседатели, и 1 секретар и најмалку 11 члена.

Член 2

Президиумот на Уставотворното собрание се избира со мнозинство на гласовите на присутните пратеници на заседанието на кое што присуствуат мнозинството од целокупниот број на пратениците.

Ако пратениците не се согласат за една листа, изборот ќе се изврши со тајно гласање по листи. Кандидатската листа можат да предложат најмалку 10 пратеници.

Член 3

Председателот, подпредседателите и секретарот го сочинуваат председателството на Президиумот.

Член 4

Президиумот на Уставотворното собрание ги врши во име на Уставотворното собрание следните права, односно работи:

1. Го свикуе Уставотворното собрание во случај прекинување на неговите заседанија;

2. Дава задолжителни толкувања за законите на Н. Р. Македонија;

3. Ги прогласуе изгласаните закони од Уставотворното собрание;

4. Врши право на помилување, спрема прописите на Законот;

5. Поништуе укинуе или менуе незаконити или неправилни решенија наредби, напатствија и решенија на народните одбори;

6. Поништуе или укинуе уредби, наредби, напатствија, решенија и други акти на Владата на Народна Република Македонија, ако не се во согласност со Уставот и законите на ФНРЈ или со законите на Н Р Македонија;

7. Поставуе и разрешуе на предлог од Претседателот на Владата поедини членови на Владата во случај кога се прекинати заседанијата на Уставотворното собрание, со накнадна потврда од Уставотворното собрание;

8. Одредуе заменици на членовите на Владата на предлог од Председателот на Владата;

9. На предлог на Председателот на Владата, менуе, соединуе и укинуе постоечки министерства, во време кога се прекинати заседанијата на Уставотворното собрание и со негова накнадна потврда;

10. Во случај кога се прекинати заседанијата на Уставотворното собрание ги врши правата на Уставотворното собрание по однос на одговорноста и полагањето сметка на Владата на НР Македонија за нејзината работа;

11. Прогласуе на предлог на Владата на НР Македонија предпријатија и установи од локално значение за предпријатија и установи од републиканско значение;

12. Издава Указ за прашања и мерки за што ке го овласти Уставотворното собрание, а кои што не се во надлежност на Владата на НР Македонија; и

13. Ги врши сите други работи што ке му ги одреди Уставотворното собрание.

Член 5

Президиумот на Уставотворното собрание за целокупната своја работа одговорен е на Уставотворното собрание.

Уставотворното собрание може да го одзове Президиумот и да избере нов, како и да разреши од должност поедини членови и да избере нови пред истекот на времето за кое што се избрани.

Член 6

Президиумот на Уставотворното собрание може функциите од член 4 од овој Закон да ги пренесе на Председателството на Президиумот освен функциите од точка 8, 11 и 13 од истиот член.

Член 7

Во работите од својата надлежност Президиумот издава укази, напатствија, и решенија.

Указите и напатоствијата на Президиумот ги потпишуе председателот и секретарот.

Член 8

Президиумот за вршење на поедини работи од својата надлежност може да образуе свои оделенија и одбори состаивени или раководени од членовите на Президиумот.

Член 9

Внатрешното устројство на Президиумот се одредуе со правилник кој што го пропишуе Президиумот.

Член 10

Кога Уставотворното собрание во смисол на член 19 од Законот за Уставотворното собрание на Народна Република Македонија ке се претвори во редовно Народно собрание, Президиумот на Уставотворното собрание истовремено се претворуе во Президиум на Народното собрание на Народна Република Македонија и ја продолжуе работата врз основа на Уставот на Н Р Македонија.

Член 11

Се укинуат одредбите од законот за Уставотворното собрание на Народна Република Македонија донесен на 27 јули 1946 година, кои што се противни на овој Закон.

Член 12

Овој Закон влегуе во сила штом се изгласа во Уставотворното собрание.

Број 814.

Скопје, 5 Ноември 1946 година

СЕКРЕТАР, (Борко Темелковски)

ПРЕДСЕДАТЕЛ, (Богоја Фотев)

341

РЕШЕНИЕ
НА УСТАВОТВОРНОТО СОБРАНИЕ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЗА

Усвојуење извештајот на Президиумот на Народното собрание на Народната Република Македонија и одобруење на неговата работа, за потврдуење одлуките на Антифашиското собрание на Народното ослободуење на Македонија и на неговиот Президиум, на Народното собрание на Македонија и на Народното Собрание на Народна Република Македонија и на неговиот Президиум.

Усвојувајки го извештајот на Президиумот на Народното Собрание на Народна Република Македонија и одобрувајки ја неговата работа, Уставотворното собрание на Народна Република Македонија:

1) Ги потврдува одлуките донесени на првото заседание на Антифашиското собрание на Народното ослободуење на Македонија (АСНОМ) на Илинден-2 август 1944 година во манастирот „Св. Отец Прохор Пчински" (содржани во списокот на Президиумот на Народното собрание на Народна Република Македонија Бр. 807 од 31 октомври 1946 год.);

2) ги потврдуе одлуките донесени од Антифашиското собрание на Народното ослободуење на Македонија (АСНОМ) и од неговиот Президиум во времето од 2 август 1944 година до 15 април 1945 година) содржани во списокот на Президиумот на Народното собрание на Народна Република Македонија Бр. 808 од 31 октомври 1946 година и во „Службениот весник на Федеративна Македонија";

3) ги потврдуе одлуките донесени од Народното собрание на Македонија односно од Народното собрание на Народна Република Македонија и од неговиот Президиум во времето од 15 април 1945 година до состанокот на Уставотворното собрание на Народна Република Македонија како се отпечатени во „Службениот весник на Федеративна односно на Народна Република Македонија".

СЕКРЕТАР, (Владо Малески)

ПРЕДСЕДАТЕЛ, Д-р Борис Спиров)

342

ПРАВИЛНИК
ЗА РАБОТЕЊЕТО НА УСТАВОТВОРНОТО СОБРАНИЕ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Збирање на пратениците и проверба на уверенијата за нивниот избор.

Член 1

На првото збирање на Уставотворното собрание претседава најстариот по години присатен пратеник.

Должноста на привремени секретари ја вршат три пратеника што ке ги избере Уставотворното собрание на предлог на привремениот претседател.

На првото збирање на Уставотворното собрание присатните пратеници ке ги предадат уверенијата издадени од изборните комисии и по тоа ке изберат верификационен одбор од 15 членови. Ако во Собранието не се согласиле за една заедничка листа изборот се врши со тајно гласање по листи и по начелото на сразмерно претставителство. Кандидатска листа можат да поднесат најмалку 10 пратеници. После овој избор првото збирање на Уставотворното собрание се заклучуе.

Член 2

Верификациониот одбор ги испитуе уверенијата на пратениците, сите изборни акти и сите жалби против изборите.

Верификациониот одбор најдоцна во срок од седум дена ке изработи свој извештај ке одреди известувачи и печатниот извештај ке го достави на пратениците.

На идниот ден, од кога е извештајот доставен, Претседателот на Верификациониот одбор свикуе заседание на Уставотворното собрание на кое веднаш се приступуе кон претресуење на извештајот на Верификациониот одбор.

До избор на претседател на Уставотворното собрание со неговите заседанија раководи претседателот на Верификациониот одбор.

Секој пратеник додека изборот не би му бил поништен, има право да присаствуе и да решава на заседанијата на собранието, но не може да гласа за свој сопствен избор, иако за него се гласа одделно.

Претресот на извештајот на Верификациониот одбор може да трае најдолго пет дена. Уставотворното собрание може да го оснажи или поништи изборот или да го одложи решението и нареди формирање на иследни и ревизиони одбори што ке имаат за задача да ги испитуат сите спорни прашања.

Секое спорно прашање има да се реши во срок од 10 дена.

Член 3

Ако се поништи мандатот на еден пратеник поради немање услови за уживање на избирачко право, иако и ако изабраниот пратеник умре или на друг начин му престане мандатот (со оставка со губење на мандатот и т. н.) ке се повика за пратеник неговиот заменик. Во случај да се поништи или престане мандатот, на еден од здружените кандидати, и на неговиот заменик ке се повика за пратеник секој кандидат кој после него добил најмноге гласови.

Ако упразненото пратеничко место не би можело на тој начин да се пополни Президиумот на Уставотворното собрание ке распише на предлог на Претседателот на Владата на Н.Р. Македонија најдоцна во срок од два месеца од настанатото упразнуење, дополнителни избори за соодветната изборна единица.

Ако е мандатот поништен зарадi неправилности во изборниот акт, поради што се смета да кандидатот не е избран за пратеник, ке се извршат дополнителни избори за таа изборна единица. На овие дополнителни избори можат да учествуат само оние кандидати што учествуеле и на првите избори.

Член 4

По завршениот претрес на извештајот на Верификациониот одбор, пратениците, чии избори се по-

тврдени полагаат пред Уставотворното собрание и потпишуат пратеничка клетва. Текстот на клетвата гласи:

„Јас (име и презиме), се колнам со својата чест и честа на својот народ дека како народен пратеник во работата на Уставотворното собрание верно ке го застапуам својот народ и дека неуморно ке ги чувам и бранам придобивките на народната борба, демократските права и слободата на народот."

Пратениците не можат да ја вршат својата должност додека не положат клетва.

Оние пратеници што се избрани во повеке изборни единици, морат најдоцна во срок од три дена да јават на Претседателството кој од мандатите го задржуат, за да би можеле да се повикаат нивните заменици.

Претседател и секретаријат.

Член 5

Собранието избира претседател, два потпретседателе и два секретари.

Прво се избира претседател по тоа потпретседателите и најпосле секретарите. Кандидати можат да предлагаат најмалку 10 пратеници. Изборот на претседателите и секретарите се врши по листи и по начелото на сразмерно претставителство.

Член 6

Претседателот го претставува Собранието, раководи и одржува ред на неговите заседанија се грижи за уредното и брзо извршување на работите во канцеларијите на Собранието. Тој нарочно се грижи да работата во одборите не застанува и да не се прекинува. Претседателот го поставува сиот канцелариски персонал донесува решенија за нивните службени односи и врши дисциплинска власт над сите службеници на Собранието.

Во случај на спреченоста на Претседателот, го заменува еден од потпретседателите.

Член 7

Должност на секретарите е: да вршат прозивка на пратениците, да составуваат записници на заседанијата, да ги четат предлозите и другите актови во Собранието и да се грижат за водењето на белешки за решенијата на Собранието, начинот и резултатот на гласањето и за редот на говорниците.

Еден од секретарите кого што ке го одреди претседателот ке води непосреден надзор над вршењето на целокупната канцелариска работа.

Во случај да се сите секретари спречени во вршењето на должноста привремено ке ги заменат пратениците што ке ги одреди претседателот.

Влада на Н. Р. Македонија.

Член 8

Уставотворното собрание избира мандатор кому што го поверува составот на Владата на Н. Р. Македонија, а мандаторот го поднесува составот на Владата на одобрение на Собранието.

Указ за именување на Владата на НРМ донесува Президиумот на Уставотворното собрание.

Одбори

Член 9

За проучување и приготвување на нацртот на Уставот, законските предлози и предлозите на другите прашања, Собранието избира одбори. Одбори има постојани и нарочни. Постојани се: 1) Уставотворниот одбор; 2) Одборот за стопански план и финансиски; 3) Мандатниот и имунитетниот одбор; 4) Административниот одбор; и 5) Одборот за молби и жалби.

Нарочни одбори се избираат за проучување на оние законски предлози или други предмети за кои што Собранието би нашло да треба да се упатат во нарочен одбор. Нарочните одбори траат додека не ја свршат поверената им работа. Постојаните одбори трајат се до распуштањето на Уставотворното собрание.

Собранието може да одреди и посебни истедни и анкетни одбори за поедини прашања.

Член 10

Одборите се избираат по листи. Ако има две или повеке листи гласањето е тајно. Кандидатска листа можат да поднесат најмалку десет пратеници.

Член 11

Уставотворниот одбор се состои од 21 член. Одборот за стопанскиот план и финансиите од 11 членови, а останалите одбори се составени од по 5 членови. Нарочните одбори имаат онолку членови колку Собранието ке ги одреди во секој посебен случај. За секој член на одборот се бира и заменик.

Член 12

Секој одбор ке си избере претседател, потпретседател и секретар.

Претседателот на одборот во случај на спреченост ке го замени потпретседателот, а ако е и тој спречен најстариот по години член на одборот.

Позивите за заседанијата на одборот се објавуат на нарочно за тоа одредено место во зградата каде што се одржуваат заседанијата на Собранието, и мораат да се достават лично на секој член на одборот ако при заклучувањето на последната седница не бил утврден денот и часот на наредната седница на одборот.

Собранието ке одреди срок во кој што одборот треба да поднесе извештај. Ако одборот не поднесе извештај во определениот срок или Собранието не го продолжи срокот, Собранието може да избере нов одбор.

Одборот може да решува ако се присатни повеке од половината негови членови. Полноважни заклучоци се донесуат со мнозинството на гласовите на присатните членови.

Одборите водат записник за својата работа во кој што се бележат имињата на присатните членови, нивните предлози и решенијата на одборите.

Наместо членовите на одборите што се спречени да учествуваат на заседанијата можат да учествуваат во работата на одборите нивните заменици.

Член 13

Секој член на одборот може да поднесува предлози за поедини членови на предлогот на Уставот и за законските предлози што се претресуат. За секој таков предлог Одборот е должен да донесе решение.

Член 14

Одборите можат да работат и во времето кога Собранието не заседава но само по нарочно решение на Собранието.

Член 15

Кога во Одборот предметот биде завршен Одборот ке определи свој известуач кој што во Собранието ке го прочита и брани извештајот и предлогот на Одборот.

Ако Одборот се подели на мнозинство и малцинство, малцинството може да има свој засебен известуач. Секое поодвоено мислење ке се предаде писмено на Одборот, кој што напоредно со извештајот на мнозинството ке го изнесе пред Собранието. Секој член на одборот кој што си го подвоил мислењето може да го брани своето мислење на заседанието на Собранието.

Член 16

Поради приготвувањето и полесното извршување на својата задача одборите можат да образуваат во своната средина пододбори.

Пододборите не можат да донесуваат никакви решенија во името на целиот одбор.

Член 17

Акоі Уставотворниот одбор прими повеќе предлози на Уставот, ке одлучи кој од нив ке го земе како основа за својата работа. Самиот одбор може да реши да изработи нов нацрт на Уставот.

Член 18

Уставотворниот одбор го претресуе предлогот на Уставот прво во начало а по тоа во поединости. По свршениот претрес одборот го упатуе својот извештај со конечниот предлог на Уставот до Уставотворното собрание.

Член 19

На заседанијата на сите одбори може да присуствуе секој пратеник. На заседанијата на Уставотворниот одбор можат да присуствуат и претставителите на домашниот дневен печат по предходното одобрение на Претседателот.

Освен членовите на одборот само членовите на Владата и владините повереници имаат право да говорат на одборските заседанија.

На заседанијата на одборите задолжително е присуството на министерот или од него овластено лице за чии законски предлог се претресуе.

Член 20

Сите членови на одборот се должни по време додека одборот работи да бидат постојано во местото каде што Собранието заседава и да ја вршат совесно својата должност на член на одборот. Членовите на одборот што неоправдано изостануат од одборските заседанија може одборот, на предлог на секој член, да ги достави на Собранието и да донесуе решение за нивното сменување.

Член 21

Одборите можат да бараат непосредно со министрите преку своите претседатели.

Заседанијата на собранието

Член 22

Заседанијата на Собранието ги отвара Претседателот или, во случај на неговата спреченост еден од подпретседателите. Тој раководи со претресот, се грижи одредбите на Правилникот точно да се вршат и одржуе ред. Тој што претседава не учествуе во претресот ниту во гласањето. Во случај на подеднаква поделба на гласовите решуе гласот на тој што претседава.

Член 23

Заседанијата на Собранието се јавни. Тие можат да бидат претворени во тајни кога по барање на некој што заседава, на Владата или на 20 пратеници, Собранието тоа ке го реши. За ова предлог се гласа без претрес.

Предметите за кои што е изгласана тајноста ке се претресуат тајно и во одборите, до колку не е инаку решено. Објавуењето на владините извјаи или предлози дадени во тајните заседанија може да се изврши само со согласие на Владата.

Член 24

Освен во јавни и тајни заседанија, Собранието може да се собира и на конференции по предлог на Претседателот на Собранието, на Претседателот на Владата или на 20 пратеници. На конференциите можат да бидат присатни само пратениците и министрите. Конференциите не можат да донесуат задолжителни решенија.

Член 25

Дневниот ред за секое заседание го утврдуе самото Собрание по предлогот на некој што претседава или на некој пратеник, без претрес. На крајот на заседанието се утврдуе дневниот ред за секое едно заседание. Дневниот ред ке се објави со неколкуе објава на определеното место во зданието на Собранието.

Ако дневниот ред, определен за едно заседание не може да се сврши на тоа заседание поради недостатокот на број на присутни пратеници, тој што претседава ке објави дека како дневен ред за идното заседание ќе ги истиот тој дневен ред што останал несвршен со додавање на нови предмети кои што по самиот Правилник треба да се ставаат, а за кои што Собранието веќе порано решило да за тој ден се ставаат на дневен ред.

Член 26

Записникот од заседанието го водат секретарите по ред како тоа ке одреди тој што претседава.

Во записникот се бележат: 1) соопштенијата на тој што претседава и на Владата; 2) предметите за кои што Собранието решуело и решенијата што за нив се донесени, со начинот на гласањето и бројот на гласачите „за" и „против", при поименичното гласање; 3) предметите за кои што Собранието ке реши да се внесат во записник; Говорите на пратениците не се бележат во записникот но се означуат имињата на говорниците „за" и „против".

Член 27

На почетокот на секое заседание се чете записникот од претходното заседание. Секој пратеник има право да направи забелешка на записникот. Ако секретарот изјави да не ја прима направената забелешка и да остануе при своената редакција. Собранието решуе за тоа без претрес. Во случај да Собранието најде дека е забелешката основана секретарот е должен пред него да го исправи записникот. Конечно усвоениот записник го потпишуе тој што претседава и секретарот што го водел.

Записниците ке се печатат во: „Службениот весник на Народна Република Македонија".

Член 28

Пред да се преоѓе на дневниот ред тој што претседава и Владата прават на Собранието соопштенија што се поднесуат на него. По ова пратениците можат да упатуат кратки прашања до Претседателот на Собранието, Претседателот на Владата или на поедини министри согласно чл. 52 од овој Правилник.

По тоа се преоѓуе на дневниот ред.

Соопштенијата од страна на Владата можат да се читаат во секое време на заседанието.

Член 29

На заседанието на Собранието имаат право да зборуат пратениците и министрите. Собранието по потреба ке го ислуша овластениот министерски повереник за кого што министерот ке побара да биде ислушан.

Секој пратеник има право да зборуе на јазикот на народот на кој што припаѓа.

Никој не може да зборуе пред да побара и добие збор од тој што претседава. Тој што претседава дава збор по редот на пријавуењето, до колку не е со Правилникот инаку предвидено. На министрите им дава збор секој пат кога ке побараат. Одборските известувачи можат да зборуат повеќе пати и преку ред, ако тоа го изискуе потребата на претресот.

Секој пријавен говорник има право овој ред да го остапи на друг пријавен говорник.

На пратеникот што дека на зборуе за некаква повредуења на Правилникот или на дневниот ред, се дава збор кога ке побара. Неговиот говор може да трае најповеќе пет минути и за тој случај не може да зборуе ниеден друг пратеник. Ако и после објаснуењето на тој што претседава говорникот остануе при тоа да е Правилникот или дневниот ред повреден, тој што претседава веднаш го повикуе Собранието да го реши тоа прашање без претрес.

Член 30

Пријавите за збор се прават штом ке се отвори претресот. Секој пратеник што се јавуе за збор е должен да изјави да ли ке зборуе „за" или „против"

предлогот. Штом претресот почне, тој што претседава прво ке даде збор на првиот пријавен говорник „за“ а по тоа на еден пријавен говорник „против“, ако има, и така по ред.

Говорникот може да зборуе само за прашањето што е на дневниот ред. Освен тој што претседава никој друг не може да го прекине говорникот нити да го опомене на ред.

Член 31

Освен министрите и одборските известуачи за еден предмет не може никој да зборуе повеке од еднаш, освен ако Собранието тоа наречно му допушти. Претресот во начело и претресот во поединости се смета како предмети за себе.

Ако пратеникот бара збор да го исправи својот навод, што го изложил погрешно, па дал повод на неспоразумение, или поради лично објаснување, тогаш ке му се даде збор веднаш по свршениот говор што дал повод за тоа но не може да зборуе подолго од пет минути.

Член 32

Вонаречниот претрес, говорите на пратениците можат да траат најдолго еден час. Во поединаречниот претрес говорите на пратениците можат да траат најдолго пол час.

Овие ограниченија не можат да се применуат при претресот на Уставот.

Член 33

Заседанијата ги заклучуе тој што претседава. Ако дневниот ред не е исцрпен заседанието ке се заклучи само со согласието на Собранието, објавуејки по дневниот ред на наредното заседание што Собранието предходно го утврдило. Тој што претседава, може новото заседание да го закаже и писмено.

Поднесуење и претрес на нацртот на Уставот на законските предлози и резолуции

Член 34

Предлог на Уставот може да поднесе Владата на Народна Република Македонија или група од најмалку 10 пратеници.

Предлозите на Уставот мора да бидат поднесени на Уставотворниот одбор најдоцна во срок од пет дена после неговиот избор.

Поднесените нацрти на Уставот Претседателот ке ги упати до Уставотворниот одбор и во исто време ке нареди веднаш да се отпечатат и разделат на сите пратеници. Уставотворниот одбор ја почнуе работата веднаш после својот избор со тие нацрти на Уставот што тогаш ке бидат поднесени, освен ако една или повеке групи по 10 пратеници му изјавуат на Претседателот, дека во предвидениот срок ке го поднесат својот нацрт на Уставот.

Член 35

Секој пратеник има право да поднесуе предлози за изменуење и дополнуење (амандмани) на поедини веќе усвоени членови од нацртот на Уставот се до свршетокот на поединаречната дебата во Уставотворниот одбор.

Член 36

Законски предлози може да поднесуе на Собранието Владата и секој пратеник.

Во име на Владата законски предлози можат да поднесуат само министрите.

Законските предлози ке се предаваат писмено на Претседателот на Собранието. Предлогот на пратениците мора истој така да биде составен во форма во која што се донесуе закон.

Претседателот ке нареди, законските предлози благовремено да се размножат и раздадат на пратениците.

Член 37

Претседателот е должен тој го извести Собранието на првото следно заседание, за примените предлози на Уставот и за примените законски предлози.

Собранието прво ке реши по прашањето за хитноста на законските предлози, ако е хитноста писмено побарана, а по тоа, дали законскиот предлог ке се упати до постојанен или наречен одбор. Во овој последен случај веднаш се ставуе на дневен ред на истото заседание изборот на таков одбор.

Член 38

Кога за законски предлог се побара хитност, Собранието за тоа барање решава без претрес по предходно саслушуење на Владата, ако барањето потекнуе од пратениците. Барањето за хитност мора да се поднесе писмено, а еден од предлагачите може да го образложи усмено.

Ако е примено барањето за хитност, тогаш Собранието веднаш ке го упати предлогот до надлежниот одбор, а одборот е должен да го земе во разгледуење пред сите други предмети. Собранието ке му определи срок на одборот во кој што срок мора да биде готов со својот извештај. Ако одборот не ја заврши работата во определениот срок, а Собранието не му го продолжи срокот. Собранието може да го земе предлогот во претрес и без извештајот од одборот или да избере нов одбор.

Член 39

Штом извештајот на Одборот биде готов, Претседателот ке нареди извештајот заедно со одборскиот предлог да се умножат и разделат на пратениците.

Собранието ке го утврди денот кога ке започне претресот. Претресот на Уставот може да започне дури тогаш кога ке минат три дена од како е разделен одпечатениот одборски извештај.

Штом се сврши начелниот претрес се пристапуе на прво гласање: да ли се прима предлогот во начело или не се прима. Гласањето се врши со дигање на рака.

Кога предлогот се прими во начело, се поминуе на претрес на поедини оддели (глави) на Уставот и на законите. Гласањето се врши по членови. Кога претресот во поединости се сврши, се пристапуе на второ и конечно гласање за предлогот во целост.

Собранието може, пред да пристапи на конечно гласање, да го упати предлогот до Одборот поради прегледуење и поправка на редакцијата како и поради доведуење во согласност неговите изменети и дополнети одредби.

Собранието може да одлучи да за претресот на законскиот предлог што е огласен за хитен, се примени пократка постапка. Одлуките се донесуат со мнозинството на гласовите поислушуење на еден говорник „за“ и еден говорник „против“. Пократката постапка не може да се примени за претресот на Уставот.

За законските предлози, за кои што Собранието решило да се претресуат по кратки постапки, се решава со гласање еднаш во целост.

Член 40

Пратениците можат своите предлози за изменуење и дополнуење на поедини членови од предлогот на Уставот и од законските предлози (амандмани) да ги упатуат само до Одборот. За сите амандмани што одборот не ги усвоил сосем, се гледа после гласањето за предлогот на Одборот, ако овој биде отфрлен. Ако Одборот го усвои амандманот наполно, со тој амандман се заменуе составениот член во предлогот.

Се до самото гласање може да се повлече амандманот во текот на поединаречниот претрес во Собранието амандмани можат да предлагаат сама Владата и Одборот.

Член 41

Предлози решењето за некој член да се одложи додека не се решат други членови или да се врати на Одборот, како и други предходни прашања, можат да се ставаат додека односниот член не е ставен на гласање. За тие предлози се гласа без претрес.

Член 42

Ако одборот нашол да законскиот предлог на пратениците треба во начело да се отфрли, тогаш Собранието решава за тој предлог без претрес поислушуење на одборскиот известуач и прво потписаниот предлагач.

Член 43

Кога буџетот или стопанскиот план излезе од Одборот, за стопанскиот план и финансиа, тие морат да се ставаат веднаш на прво место на дневниот ред. Првенство имаат само предлозите и интерпелациите што се огласени за хитни.

Кога предлозите на законот за државниот буџет и финансискиот закон бидат применети во начело, претресот се врши во поединости по разделите, а гласањето по партиите.

Претресот и конечното примање на предлогот на Законот за државниот буџет и на финансискиот закон мораат да бидат завршени најдоцна за 15 дена.

Член 44

Уставот донесен од Уставотворното собрание се прогласува на заседанието на Собранието без претрес со акламација со гласање на текстот на Указот за прогласување на Уставот. Усвоените закони ги прогласува Президиумот на Уставотворното собрание со својот указ.

Прогласениот Устав и законите се објавуваат на македонски јазик.

Указот за прогласувањето Уставот го потпишува Президиумот на Уставотворното собрание, а указот, за прогласување законите ги потпишува Претседателот и Секретарот на Президиумот на Уставотворното собрание.

Член 45

Предлози за резолуција можат да поднесуваат Владата и пратениците. Ваков предлог се упатува на нарочен одбор, ако Собранието не реши инаку. За резолуциите се води само еден претрес и за нив се решава како за една целост.

Прашања и интерпелации.

Член 46

Пратениците имаат право да поставуваат кратки прашања на Претседателот на Собранието на Претседателот на Владата и на министрите. Прашањата упатени на Претседателот на Собранието ке се предадат на Претседателството еден ден пред заседанието, а Претседателот е должен по прашањето усмено да одговори на идното заседание. Прашања до министрите се упатуваат писмено преку Претседателот. Министрите на прашања одговараат писмено или усмено на заседанието пред да се помине на дневен ред, веке според тоа дали прашачот сака усмени одговори или не. Министрите мораат усмено да одговорат најдоцна за три дена а писмените одговори мораат да ги дадат најдоцна во срок од пет дена. Ако е потребно да се приберат податоци, министерот може да сака подолг срок што му е потребен но не подолг од 30 дена, да би можел на прашањето да одговори.

После одговорот на министерот може да зборуе уште само прашачот поради некакво обавестување и да даде кратка изјава дали е доволен или не. Работата по кратки прашања не смее да трае повеке од еден час пред да се помине на дневен ред.

Член 47

Сите пратеници имаат право да упатуваат на министрите интерпелации. Интерпелациите се поднесуваат писмено преку Претседателот на Собранието, кој што ги соопштуе на соответниот министер, а Собранието го известуе за нив на првото наредно заседание. На тоа заседание веднаш се определуе и ден за нивниот претрес, но колку министерот не посака да му се определи срок за присобирање на податоци. После тој срок Собранието пристапуе кон претресот на интерпелацијата и без министровиот одговор. Секоја интерпелација веднаш треба да се умножи и раздели на пратениците. Интерпелациите што се огласени како итни, се ставаат на дневен ред пред сите останати што не се итни.

Решението на Собранието со кое што се завршуе претресот на интерпелацијата и се преојдуе на дневниот ред може да биде просто или образложено.

Ако е предложено просто преојдување на дневниот ред а министерот на тоа пристапуе тогаш ке се стави на гласање просто преојдување пред сите оние кои што се мотивисани.

Ако е отфрлено предложеното просто преојдување се преојдуе на гласање за мотивисаните предлози.

Ако не е предложено никакво преојдување на дневниот ред тогаш без никакво гласање се преојдуе на заостанатите интерпелации, ако се на дневниот ред.

Заседанијата за претрес на интерпелациите можат да се држат најповеке еднаш на 15 дена.

Молби и жалби.

Член 48

Молбите и жалбите упатени до Собранието мораат да бидат предадени писмено и потпишани од сите молители односно жалители. Сите молби и жалби Претседателот ке ги достави на Одборот за молби и жалби, кој што по редот како стасале ги заведуе во еден протокол и ги зема во претрес.

Оние молби и жалби што се однесуваат на некаков законски предлог или на некаков предлог што веке се претресуе или во Собранието или во еден од одборите, ке бидат упатени на однесниот одбор.

Оние молби и жалби што ке бидат упатени на други одбори, ке бидат упатени или на некој од министрите, или ке се изнесат на заседанието на Собранието, или самиот одбор ке ги одфрли, ако смета дека не е нужно да ги изнесе на Собранието.

По сите предмети за кои што повогја дека треба да ги изнесе на заседанието на Собранието, Одборот за молби и жалби поднесуе извештај како и за законски предлог.

Гласање.

Член 49

Гласањето во Собранието е јавно или тајно. Јавно се гласа со дигање рака или по име.

Гласањето со дигање рака се врши во сите случаеви за кои што не е со овој Правилник одреден друг начин на гласањето.

По име се гласа усмено. Гласањето по име се врши кога се гласа за нацртот на Уставот или на законски предлог во целост и кога гласањето со дигање рака не дава позитивни резултати.

При гласањето по име еден од секретарите ги повикуе сите пратеници по име, а овие ке гласаат со одзив „за" или „против". По завршената прозивка на сите пратеници ке се повикаат уште еднаш оние пратеници што првиот пат не се одзвале.

Ако изборите на одборите се вршат со тајно гласање (чл. 10), гласањето ке се врши со ливчиња од еднаква големина, во една боја и една форма, кои што се ставаат во едно образен плик нарочно за тоа приготвен. Пратениците еден по друг ке ги пуштаат по прозивка ливчињата во сандачето што ке стои на масата на тој што претседава. Гласовите ке ги бројат три пратеници определени за извлечување, кои што по свршеното броење ке ги поништат гласачките ливчиња.

Кога при вршењето на изборите или повеке лица добијат еднаков број гласови ке се вршат нови избори. Ако и тогаш биде еднаков број на гласовите ке реши гласот на тој што претседава.

Може да се гласа само лично.

Член 50

Заседанијата на Уставотворното собрание се способни за работа ако се на заседанието присатни повеке од половината од избраните пратеници, а за конечното изгласување на Уставот во целост потребно е присаствието на најмалку две трети од пратениците.

За полноважен заклучок потребно е мнозинство на гласовите на присатните пратеници а во изгласувањето на Уставот во целост, потребно е мнозинство на гласовите на сите избрани пратеници.

Член 51

Ако Претседателот забележи дека нема достаточен број пратеници за решување ке нареди прозивка или пребројување.

Кога ке се подигне прашањето за кворум присатните пратеници не можат да излезат од салата додека не се изврши прозивка односно пребројување и

гласање. Ако тоа се пак по сторат не се сметат да се присатни и да гласале против.

Присатноста ја утврдуе тој што претседава.

Права и должности на пратениците

Член 52

За сите изјави и постапки при вршењето на својот мандат, било на заседанието, било во извесна должност, пратениците одговараат само на Собранието и на бирачките тела што ги избрале.

Без одобрение од Собранието, пратениците не можат да се земаат на одговорност за било какви кривици нити од било која власт да се лишат од слобода додека трае нивниот мандат, освен ако се фатат на самото дело на злосторството. Но во овој случај мора да биде веднаш известен Претседателот на Собранието.

Пратениците уживаат имунитетско право од моментот кога им се издадени уверенијата од страна на Изборната комисија, дека се избрани.

Бранењето на истоследната односно судската власт за предавање на членовите на Собранието се упатуе претходно на мандатно-имунитетски одбор, а Собранието го решуе предметот поислушуењето на извештајот на одборот.

Одредбите на овој член не важат за повикуење пред суд и пред останатите државни органи, како и за извршуење на судски и административни одлуки по приватните спорови.

Застарелоста не тече за сето време додека по законот не може да започне или да се продолжи истоследуење против пратениците.

Член 53

Сите пратеници се должни да бидат во местото каде Собранието ги држи своите заседанија, и да ги вршат своите должности, за сето време додека заседанието трае.

Ниеден пратеник не може да отсаствуе од заседанието на Собранието, ако Собранието не му одобри отсаствието. Собранието може да го достави на мандатно-имунитетскиот одбор случајот на пратеникот кој што без одобрено отсаствие не доврѓа на заседанија.

Одборот со својот извештај ке поднесе предлог на Собранието како треба да се постапи према таков пратеник. Собранието може по предлогот од Одборот да реши да поради тоа му престане мандатот на пратеникот и да го повика неговиот заменик.

Собранието решава за барањето отсаствие без претрес. Ако Претседателот најде да во Собранието нема доволен број членови за решуење, тој може да огласи, да се прекинуат сите одобрени отсаствија, освен оние, што се одобрени поради тешка болест.

Член 54

Пратениците имаат право на дневница за времето кога Собранието или Одборот работат и право за накнада за направените патни равноски.

Член 55

Секој пратеник може да даде оставка на својот мандат. За поднесената оставка поднесуе извештај мандатно-имунитетскиот одбор.

Член 56

Претседателот им издава на пратениците нарочни легитимации. Во нив изрично ке се истакне имунитетското право на пратениците со приведуење на текстот.

Одржуење на редот

Член 57

Право на одржуење редот на заседанијата припаѓа исклучително на тој што претседава.

Член 58

Дисциплинските казни со кои што можат да се казнат пратениците се следните:

1) Опомена на ред;
2) Писмена опомена на ред;
3) Одземање на зборот;
4) Привремено исклучуење од заседанијата.

Исклучуењето не смее да биде првиот пат подолго од три заседанија, а секој втор пат не подолго од десет заседанија.

Првите три казни ги изрекнуе самиот тој што претседава, а четвртата ја изрекнуе Собранието без претрес по предлогот од тој што претседава или од 20 членови на Собранието.

Член 59

Со опомена на ред ке се казни секој пратеник што со својот збор или со своето однесуење во Собранието го нарушуе редот и прописите на овој Правилник.

Со писмена опомена на ред што се забележуе во записникот на заседание ке се казни секој пратеник што во истото заседание веке порано бил опоменат на ред. Со одземање на зборот ке се казни пратеникот што во својот избор би го повредил редот а веке на истото заседание бил казнет со писмена опомена или кој што два пати не сакал да го послуша оној што претседава.

Со казна на исклучуење ке се казни пратеникот што лично ги повредуе и клевети народните пратеници или се однесуе непристојно према Собранието, или за кого се утврди да не ја чувал тајната за предметите за кои што е изгласана тајност, или не сакал да ја послуша опомената на тој што претседава, како и оној што прави неред или ја спречуе работата во заседанијата.

Пратеникот што е казнен со казна исклучуење, должен е да се истави веднаш од салата на Собранието. Во случај на противење, претседателот ке го прекине заседанието и ке нареди казненикот со сила да се истави.

Пратеникот против кого се предложуе исклучуење има право да зборуе во своја одбрана ню најповеке пет минути. Ако е предложено за исклучуење едновремено повеке пратеници поради заеднички извршено прекршуење на редот, има право да зборуе само еден во име на сите, но неговиот збор може да трае најповеке 10 минути.

Член 60

Надзор над одржуење редот во внатрешноста и дворот на зданието во кое што заседава Собранието го води исклучително Претседателот на Уставотворното собрание. Пратениците не смеат на заседанијата на Собранието да доврѓаат со оружје.

Персонал на собранието и сметководството

Член 61

Сиот персонал на Собранието стои под надзор на Претседателот. Персоналот е постојан или привремен. Административниот одбор ке изработи нарочен правилник за персоналот на Собранието. Тој го определуе бројот и платата на персоналот.

Член 62

Претседателот го извршуе буџетот на Собранието. Административниот одбор должен е секој месец да ги прегледа сметките и поднесе извештај на Собранието односно на Претседателот.

Стенографски белешки

Член 63

Стенографскиот персонал изработуе стенографски белешки за заседанијата на Собранието, и за сите одбори, ако претседателот одреди. Стенографските белешки се поднесуат на увид на секој говорник. Тој може да прави измени, што се однесуат на редакцијата, не внесуејќи нови мисли и разлози, нити изоставуејќи изразени мисли и разлози. Претседателот води сметка, говорниците да не прават исправки од одбележените граници.

Стенографските белешки се печатат во едно издание. Секој говор мора да биде отпечатен на јазикот на кој е изречен и на македонски јазик.

Архива и печат на Собранието

Член 64

Собранието има своја архива и библиотека за која што се грижат нарочни службеници.

Член 65

Собранието има свој печат. Печатот го чува првиот секретар.

Заклучни одредби

Член 66

Пред донесување на Уставот заседанијата на Уставотворното собрание можат да се прекинат (одложат) само со решење на мнозинството на пратениците.

Член 67

Сите законски и други прописи што му се противни на овој Правилник се укинуат.

Член 68

Кога Уставотворното собрание согласно чл. 19 од Законот за Уставотворното собрание на НРМ ке се претвори во редовно Народно собрание истото ке работи по прописите на Уставот, а сходно ке ги прилага и прописите на овој Правилник доколку нема да бидат противни на Уставот. А Уставотворниот одбор ке се претвори во Законодавен одбор.

Член 69

Овој Правилник влегува во сила штом Уставотворното собрание го изгласа.

Број 4

Скопје, 4 ноември 1946 г.

Претседателство на Уставотворното собрание на Народната Република Македонија

Секретар. **Владо Малески** — Претседател. **Д-р Борис Спиров**

343

ЗАПИСНИК

ОД 1-ОТ ПРЕДХОДЕН СОСТАНОК НА УСТАВОТВОРНОТО СОБРАЊИЕ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОДРЖАН НА 1 НОЕМВРИ 1946 ГОД.

Во салата на Собранието во 9.30 саатот влегуваат претседателот на Президиумот на Народното собрание на Народна Република Македонија Богоја Фотев, претседателот на Владата на Н. Р. Македонија Лазар Колишевски со останатите членови на владата. Народните пратеници со бурен и долготраен аплауз го поздравуваат нивното влегување.

Претседателот на Президиумот Богоја Фотев го завзема претседателското место и со четењето на Указот на Президиумот за свикување Уставотворното собрание, кој пратениците стоејќи го саслушаа, го отвара 1-то предходно заседание на Уставотворното собрание на НР Македонија и го повикува по подинијат старија народен пратеник Крсто Гермов Шекир да го завземе претседателското место и понатака да раководи со заседанието во смисол на член 4 од Законот за Уставотворното собрание на НР Македонија.

Народниот пратеник Крсто Гермов — Шекир го завзема претседателското место и за времени секретари ги предложува народните пратеници: Малинска Веселинка, Мустафа Саид и Лиси Сали, кој што собранието единогласно ги усвојува. Пошто тие ги завзедоа своите места претседателот Крсто Гермов Шекир ги повикува народните пратеници да ги предадат пратеничките уверенија. Времениот секретар Веселинка Малинска врши прозивка на народните пратеници и по таа прозивка народните пратеници ги предадоа пратеничките уверенија. По тоа времениот секретар Саид Мустафа ги чите изјавите на оние народни пратеници кои што се избрани единици и од едната се откажуат во полза на своите заменици:

Лазар Колишевски го задржува мандатот во I изборна единица на I реон во гр. Скопје, а се откажува од I изборна единица во гр. Св. Николе во полза на својот заменик Славејко Андонов;

Узуновски Цветко го задржува мандатот во I изборна единица на IV реон во гр. Скопје, а се откажува од II изборна единица во Ресенска околија во полза на својот заменик Богоевска Љуба;

Страхил Гигов го задржува мандатот на I изборна единица во Титов-Велес, а се откажува од I изборна единица II изборна единица на I реон гр. Скопје во полза на својот заменик Трајковски Страхил;

Андреев Бане го задржува мандатот во III изборна единица во Титов Велес, а се откажува од III изборна единица во гр. Прилеп во полза на својот заменик Црвенковски Крсте;

Богоја Фотев го задржува мандатот во II изборна единица во Битолска околија, а се откажува од IV изборна единица во Ресенска околија во полза на својот заменик Оцовски Брауш и

Димитар Влахов го задржува мандатот за III изборна единица во гр. Битола, а се откажува од I изборна единица во гр. Струмица во полза на својот заменик Благоја Георгиев Божинов.

Претседателот Крсто Гермов-Шакир ги повикува замениците на откажаните мандати, од именованите народни пратеници, да ги завземат местата.

Преминувајќи кон избор на Верификационен одбор, претседателот на Собранието Крсто Гермов Шакир даде збор на народниот пратеник Ристо Бајалски, за Верификационниот одбор, ги предложи следните народни пратеници:

Д-р Борис Спиров, Ацо Петровски, Боро Гегов, Кемал Сејфула, Васко Карагангеловски, Сали Лиси и Симон Андоновски, а за нивни заменици Димче Зографски, Крајко Поп-Димитров, Душко Анастасовски, Драги Николовски, Адем Јонуз Кручи, Трајче Трајчевски и Сабрија Мемишов.

Предлогот на народниот пратеник Ристо Бајалски народните пратеници го примија со акламација.

Времениот претседател Крсто Гермов-Шакир ги одобри да се одмах состанат поради конституирање и да го земат во претрес и разгледување целиот материјал во врска со верификацијата на посланичките мандати.

Како со ова дневниот ред на заседанието е исцрпен, времениот претседател Крсто Гермов-Шакир го заклучува заседанието во 10 саатот и објавува: да идното заседание, кое ке го свикува претседателот на Верификационниот одбор по Законот за Уставотворното собрание на Н.Р. Македонија, ке се одржи утре — 2 ноември т. г. во 16 саатот.

Во гр. Скопје, 1 ноември 1946 год.

Времен секретар, **Веселинка Малинска** — Времен претседател. **Крсто Гермов-Шакир**

344

З А П И С Н И К

од II-иот претходен состанок на Уставотворното Собрание на Народна Република Македонија, одржан на 2 XI 1946 год.

Претседавал претседателот на Верификационниот одбор Д-р Борис Спиров.

Претседателот на Верификационниот одбор Д-р Борис Спиров го открива вториот претходен состанок во 16.15 часот.

Пошто го прочете записникот од првиот претходен состанок времениот секретар Веселинка Малинска кој што беше примен без забелешки претседателот на Верификационниот одбор Д-р Борис Спиров го објавува преминувањето на втората точка од дневниот ред: Претрес на извештајот на Верификационниот одбор за верификација на пратеничките мандати.

Известителот на Верификационниот одбор народниот пратеник Васко Карагангеловски го прочете извештајот на Верификационниот одбор.

По тоа се премина на третата точка од дневниот ред: дискусија по извештајот на Верификационниот

одбор. Бидејќи никој не се јави да говори по извештајот. Уставотворното Собрание едногласно го усвои извештајот на Верификациониот одбор. Претседавачот Д-р Борис Спиров објавуе дека се верифицирани мандатите на сите народни пратеници чиите имиња беа прочитани во извештајот.

Се преминуе на четвртата точка од дневниот ред: Полагање клетва на народните пратеници.

Претседателот на Верификациониот одбор Д-р Борис Спиров ги повикуе народните пратеници да станат од своите места и да по него ги изречуат зборовите на клетвата во смисла чл. 10 од Законот за Уставотворното Собрание на НРМ, а по тоа да го потпишат текстот на клетвата кој што им е разделен претходно на народните пратеници.

Народните пратеници стануат од своите места и по претседателот ги изречуат зборовите на клетвата, која што гласи: „Јас (име и презиме) се колнам со својата чест и честа на својот народ дека како народен пратеник во работата на Уставотворното Собрание верно ќе го застапуам својот народ и дека неуморно ќе ги чувам и бранам тековините на народната борба, демократските права и слободата на народот!"

Тогаш пратениците му го предадоа на претседателот потписаниот текст на клетвата.

Пред што се преиде на петата точка на дневниот ред претседателот дава пауза од 10 минути.

По паузата заседанието продолжуе и претседателот на Верификациониот одбор Д-р Борис Спиров го објавуе преминуењето на петата точка од дневниот ред: Избор на Претседателството на Уставотворното Собрание во смисла чл. 11 од Законот за Уставотворното Собрание на НРМ кој што гласи: „После положената клетва пратениците избираат за раководење со заседанијата на Собранието претседател, потпретседател и секретар. Наприв еи се избира претседател и тоа со просто мнозинство на гласови. После изборот на претседателот ќе се изврши избор на потпретседател а после тоа избор на секретар. Гласањето е тајно. После тоа се пристапуе кон претресуење и примање на пословникот на Собранието".

Преди да се мине на самиот избор се јави за збор народниот пратеник Лазар Мојсов, кој што предложи да се измени чл. 11 од Законот за Уставотворното Собрание и да гласи:

„После положената клетва пратениците избираат за раководење со заседанијата на Собранието, претседател два потпретседатели и два секретари. Наприв еи се избира претседател и тоа со просто мнозинство на гласовите. После изборот на претседателот ќе се изврши избор на потпретседателите, а после тоа избор на секретарите. После тоа се пристапуе кон претресуењето и примањето на Правилникот за работа на Собранието".

Претседателот го ставаа на гласање со кревање рака предлогот на народниот пратеник Лазар Мојсов за изменение на чл. 11 од Законот за Уставотворното Собрание.

Предлогот беше едногласно примен. Против предлогот не гласаше никој.

Претседателот на Верификациониот одбор Д-р Борис Спиров објавуе дека чл. 11 од Законот за Уставотворното Собрание се изменуе и гласи така како што предложи народниот пратеник Лазар Мојсов.

По тоа се преминуе на избирање Претседателство на Уставотворното Собрание.

На предлог од народниот пратеник Наум Наумовски Собранието едногласно го избра за претседател Д-р Борис Спиров. Претседавачот објавуе дека народниот пратеник Д-р Борис Спиров е избран за претседател на Уставотворното Собрание.

На предлог од народниот пратеник Кирил Михајловски Собранието го избра за I потпретседател Душко Лукаревски и за II потпретседател Мустафа Саид. Претседавачот Борис Спиров објавуе дека се избрани за потпретседатели на Уставотворното Собрание народните пратеници: Душко Лукаревски за I потпретседател и Мустафа Саид за II потпретседател.

На предлог од народниот пратеник Крсте Црвенковски Собранието го избра за I секретар Владо Малески а за II секретар Димитар Шули. Претседавачот Д-р Борис Спиров објавуе дека се избрани за секретари народните пратеници: Владо Малески за I секретар и Димитар Шули за II секретар.

Пошто новоизбраното Претседателство на Уставотворното Собрание си ги завзеде своите места, претседателот Д-р Борис Спиров се заблагодари од името на Претседателството за изборот. По тоа тој предложи II претходен состанок да се заклучи и I-то редовно заседание да се закаже за 4 ноември 1946 година во 9 часот со дневен ред: Утврдуење на дневниот ред. Пошто Собранието го усвои предлогот, претседателот Д-р Борис Спиров го заклучи заседанието во 5.30 часот.

Бр. 3 — 2 XI 1946 г., Скопје.

Секретар. Владо Малески

Претседател Д-р Борис Спиров

345

Согласно заклучците донесени на конференцијата со окружните прочелници, референтите за средна настава, директорите на гимназиите и учителските школи за оценуењето на успехот од учениците Министерството за просвета го донесуе следното:

РЕШЕНИЕ

Во средните, средните стручни и основните школи ќе воведуат следните оценки за успехот:

Одличен (5), Многу добар (4), Добар (3), слаб (2), и лош (1).

Министер: Н. Минчев

346

Со цел да се стручно оспособат основни учители за шиптарските и турските училишта, Министерот за просвета на Народна Република Македонија, на основа чл. 6 од Законот за Владата од 16 април 1945 год., го донесуе следното

РЕШЕНИЕ

1. — Во Скопје ќе се отвори во оваа учебна 1946/47 година едногодишен курс за шиптарски и турски основни учители, на кои што се примаат кандидати со свршено IV одделение основно училиште, I, II и III клас гимназија или некоја друга нижа стручна школа.

2.— На овој курс ќе се примат ова учебна година 40 шиптарски и 40 турски учители, на прво место привремените шиптарски и турски основни учители.

3. — За време курсот привремените учители ќе ги примаат своите принадлежности.

4.— За овој курс ќе се пропише наставен план и програма и правилник.

5.— Ова Решение влегуе во сила од денот на објавуењето.

С. Ф. — С. Н.

МИНИСТЕР ЗА ПРОСВЕТАТА
(Н. Минчев)

347

Да се овозможи на сите министерства, републикански и одборски установи да во исполнение на чл. 10 од Финан. закон кои буџетот на Народна Република Македонија за 1946 година отвараат чековна с-ка при Пошт. штедилница и жирови сметки при јавно-правните парични заведенија за извршуење исплати над динари 5.000.— треба истите да внесат влогови во износ предвиден по прописите на Пошт. штедилница и на јавно-правните парични заведенија.

Исто така сите наведени установи за меѓуградски телефонски разговори се должни да внесат депозит во поштите.

Бидејќи Министерство на финансиите на НРМ е констатирало, дека ќе се постапе еднообразно со оправдуењето на внесените влогови во наведените парични институции и со внесените депозити за меѓуградските телефонски разговори во поштите

РЕШАВАМ

Да се сметкорасписката — потврдата за внесе-

напа сума на име влог во Пошт. Штедилница или во јавно-правното парично заведение смета за ликвиден документ и да се расходуа од кредитот за канцеларискиот материјал.

Да се сметкораспискината — потврдена за внесената сума на име депозит за меѓуградските телефонски разговори во поштата смета за ликвиден документ и да се расходуа од одобрениот кредит за телефонски разговори.

Да се по укинување на чековната с-ка при Пошт. штедилница на жиро с-ка при јавно-правното парично заведение и при укинување на телефонските влогови и депозитот поврне на исплатната каса како напреден приход. Повраќањето на по вршат: Пошт. штедилница, јавно-правното парично заведение и поштата направо на исплатната каса.

Да влезе во сила од денот кога се испечати во Службен весник на НРМ.

Решено во Министерство на финансиите на НРМ на 6 XI 1946 година — бр. 46030/II.

МИНИСТЕР НА ФИНАНСИИТЕ НА НРМ
Д. Џамбаз

348

На основание чл. 22 од Законот за пензионирање и востановување правото на пензија на службениците на бив. административно-политички самоуправни единици на подрачјето на Народна Република Македонија издавам следното

ОБЈАСНЕНИЕ

по прашањето за правото на пензија на фамилиите на оние лица кои загинале во борба против народно-ослободителна војска или се стрелани поради соработување со окупаторот.

I

Немаат право на пензија фамилиите на оние лица кои загинале во борба против народно-ослободителната војска или се стрелани поради соработување со окупаторот. Исто така немаат право на пензија фамилиите на лица кои умреле, а кои за време на окупацијата биле под оружје во служба на окупаторот и нивните помагачи, како и оние лица кои биле организатори, функционери и активни членови на квислинските организации или како поединци се обележале со таква работа. Сите тие лица, по чл. 4 од Законот за пензионирање и востановување правото на пензија на службениците на бив. административно-политичките самоуправни единици на подрачјето на НРМ, не би имале право на лична пензија, па спрема тоа нивните фамилии не можат да имаат право на фамилијарна пензија. Оние фамилии, на лица кои биле во служба на окупаторот и неговите помагачи, но преминале кон народно-ослободителна војска или ја помагале, како и оние лица кои во квислинските организации биле привидно, со цел да нанесат штета на окупаторот и неговите помагачи, а подоцна преминале во народно-ослободителната војска или ја помагале, имаат право на фамилијарна пензија, оти лицата од кои го изведуат правото на пензија не го изгубиле правото на лична пензија по чл. 4 од Законот.

Во случај на издавање уверенија на фамилиите за регулирање пензија по чл. 4 од Законот, народните одбори се должни да ги испитат чињениците и во уверението да ги посочат како на би добиле пензија и лицата кои спрема предното не би имале право на пензија.

II

Има случаи каде се јавуат тешкотии за определување фамилијарна пензија поради невозможноста да се прибави званичен доказ за смртта на лицето на чија фамилија има да се одобри пензијата, бидејќи да се тие лица одведени во затвор или концентрациски логор од страна на непријателот или нестанале и до сега не се јавиле, а по околностите по кои се одведени или нестанале, може да се предпоставува да не се живи. Во такви случаи фамилијарната пензија привремено ќе се одрежи спрема подлоците кои за ова постојат или со јемство на сведоци, на кои им се тие чињеници познати. Уверението, кое го издаваат сведоците, мора да биде потврдено од надлежниот суд или околискиот односно реонскиот народен одбор. Како ден на смрта ќе се земе оној ден за кој сведоците можат да потврдат дали лицето по исчезнувало после одведувањето, а ако тоа не можат да го потврдат, тогаш како ден на смртта ќе се земе денот на одведувањето односно денот на нестанувањето. Лицата на кои ќе им се на овој начин привремено определи фамилијарна пензија ќе бидат должни да се погрижат за званичен доказ за смртта или да издејствуат судска одлука со која одведеното, односно нестанатото лице се проглашува за умрено, па таков документ да поднесат на органот кој ја одредил привремено пензијата. Надлежниот орган спрема тој документ ќе донесе решение да се исплатува привремено одредената пензија како стална. Привремено одредената пензија може да се исплатува најдолго до крајот на јуни 1947 година.

I Бр. 5917 — 25 X 1946 Министер на финансиите
Д. Џамбаз с. р.

349

На основание Напатствието на Министерот на финансиите на ФНРЈ XI бр. 6715/46 (Сл. лист бр. 77/46), пропишувам

НАПАТСТВИЕ

за исплата аконтација по пензиите на пензионерите на НРМ и нивните семејства.

I

На службеник пензиониран по чл. 4 од Уредбата за пензионирање на држ. службеници, по разрешување од должноста, ќе му се продолжи одма исплата на аконтација по пензијата на исти начин како што е вршена исплатата на активните принадлежности. Надлежниот старешина, кој што е наредуе исплатата на активните принадлежности. Надлежниот старешина, кој што е наредуел исплатата на активните принадлежности од првиот нареден месец по разрешувањето од должност, ќе наредуе исплата на аконтација по пензијата на терет на кредитот за пензии по парт. 315 на републиканскиот буџет на расходите за 1946 година а во наредните буџетски години на терет на буџетскиот кредит за пензии, кој што на овој ќе му одговара.

II

Аконтацијата ќе се исплатува во износ на половината на нето од активната плата со износот на фамилијарниот додаток, доколку пензионираниот службеник го имал. Од аконтацијата нема да се одбива данок и улог за чинов. пенз. фонд. Тоа ќе се стори при дефинитивната пресметка кај Отсекот за исплата на пензиите при Министерството на финансиите на НРМ.

III

По смртта на активен службеник кој имал повеќе од 5 години ефективна служба, надлежниот наредбодавател, кој што ја наредуел исплатата на актив. принадлежности, ќе ја наредуе исплатата на аконтацијата по пензијата на неговата фамилија, на начин како во точ. I, во износ на една третина од брутото платата на умрениот службеник со износот на фамилијарните додатоци кои умрениот ги примал, заокружувајќи ја сумата на цел износ во динари надолу, без одбивок на данокот. Аконтацијата ќе ја стави во течај од првиот нареден месец по смртта на службеникот, а по молба на фамилијата. Кон молбата треба да биде приложен и доказ дали е вдовицата законита жена на умрениот, а како вдовицата е без деца или со деца кои што немаат право на пензија, да е постара од 40 години. Ако се децата сами тогаш треба да биде приложен доказ дали децата не навршиле 16 години односно 23 години ако се на школување.

IV

По смртта на републиканоки пензионер на кој пензијата му е одредена по Уредбата за востано-

вуење правото на пензија и Правилникот за извршување на истата Уредба. Отсекот за исплата на пензиите при Министерството на финансиите на НРМ ке ја стави во течај аконтацијата на пензијата од првиот нареден месец по смртта на пензионерот во износ од две третини на фамилијарната пензија од чл. 10 на Уредбата за установување правото на пензија, без одбиток на данокот. Аконтацијата ке се стави во течај по молба на фамилијата со докази како во предната точка III.

V

Исплатата на аконтацијата на пензионираните службеници и на фамилиите на умрените активни службеници ке се врши додека постапката за одредување на пензијата не биде завршена. Надлежниот наредбодател ке ја запре исплатата на аконтацијата кога ке добие актот од Отсекот за исплата на пензиите при Мин. на финансиите на НРМ, со кој што се бара обуставување исплатувањето на аконтацијата и со кој што се бара извештај за исплатената аконтација. Заради потребни извештаи, надлежните наредбодателите ке водат сведенија за исплатените аконтации. Ако е актот на отсекот за исплата на пензиите, со кој се бараат овие подаци добиен до пензиите, со кој се бараат овие подаци добиен до 20 во месецот, надлежниот наредбодател ке ја запре исплатата на аконтацијата со тој месец и одма ке ги испрати подаците. Ако е актот на Отсекот за исплата на пензиите добиен после 20 во месецот надлежниот наредбодател исплатата на аконтацијата ке ја нареди за наредниот месец, па по извршената исплата ке го прати извештајот.

VI

Кога на пензионираниот службеник и на фамилијата на умрениот активен службеник ке им биде одредена пензијата, надлежниот орган кој решението го доставува на Контролното одделение во смисол на чл. 33 од Правилникот за извршување Уредбата за востановување правото на пензија треба да го назначи надлежството односно установата каде му се на службеникот исплатувени активните принадлежности, а Контролното одделение за тоа ке го обавести Отсекот за исплата на пензиите заради барање на подаци за исплатата на аконтацијата, за пресметка.

VII

За пензионираните службеници на народните одбори, аконтација по пензијата ке се исплатува само за три месеца привремено од средствата на касата на односниот одбор. Наредба за исплата ке дава наредбодателот кој бил надлежен и за издавање наредби за исплата на редовните активни принадлежности на пензионираното лице.

Исплатната каса ке ги чува документите на исплатените аконтации привремено до регулисање на пензијата, па на барање на исплатната каса на која ке се исплатува регулисаната пензија ке ги достави во замена за готови пари.

Органите надлежни за регулирање на службените односи на службениците при народ. одбори, при донесување решенија за пензионирање, треба претходно сигурно да утврдат правото на пензија на односното лице спрема Уредбата за востановување правото на пензија и Правилникот за извршување истата Уредба (сл. лист бр. 86/45 и 87/45.) Ако биде исплатувана аконтација по пензијата на лице пензионирано без условија за право на пензија теретот за надоместа на државната каса за неправилно исплатени аконтации падна на наредбодателот.

VIII

Органите кои што работат на пензионирање на државните службеници и на одредување пензијата, ке настојат да ја организираат службата така, да одма по пензионирањето пензијата може да се определи. Во таа цел за сите службеници треба што по-брзо да се установи евиденција на потребните подаци (Правилник за евиденција на државните службеници од 11 VIII 1946 год. Служб. лист ФНРЈ бр. 65 од 13 VIII 1946 год.) спрема кои ке може во случај на пензионирање на службениците пензијата одма да се определи и од следниот месец да се исплатуе. Додека не се постигне тоа, ке се исплатува аконтација по пензијата како привремена мерка спрема пропсите на ова Напатствие а најдолго за три месеца, бидејќи во тој срок во секој случај, пензијата треба да биде регулирана.

IX

По објавувањето на ова Напатствие во Службен Весник на НРМ, комисиите за определување помошта на пензионерите при народните одбори на лица, на кои ово Напатствие се однесуе, нема да определуат помошт по Одлуката бр. 69 од 1945 година за ревизија правото на пензија и Напатствието за извршување на истата Одлука.

Бр. 5918. — 25 X 1946 г., Скопје.

Министер на финансиите на НРМ
Д. Џамбаз

350

На основание чл.7 од Уредбата за определение и контрола на цедите, Земскиот уред за цени при Председателството на Владата на Н. Р. Македонија го донесуе следното

РЕШЕНИЕ Бр. 58

за определение цените на сеното и сламата.

Чл. 1

Се определуват цените на сеното и сламата и то:

1) 1 кгр. сено детелина — — — — дин. 4,
2) 1 кгр. ливадско — качествено сено „ 2,
3) 1 кгр. барско сено — — — — — „ 1, 20
4) 1 кгр. слама пшенична — — — „ 1,
5) 1 кгр. слама јачмена — — — „ 1, 25
6) 1 кгр. слама овесна — — — — „ 1, 60

Горните цени се разбираат за производителните франко пункт (пазар), без секакви јавни дажбини

Чл. 2

Секое нарушение на одредбите на ова Решение ке биде казнет по Законот за сузбијање на шпекулта и стотинската саботажа.

Чл. 3

Ова Решение влегуе во силаслед објавувањето во „Службен весник на НРМ" и сите издадени до сега решења за сеното и сламата со издавањето на ова се анулираат.

Земски уред за цени — директор
Д. Саботко, с. р

351

Министерството на правосудството на Македонија — со писмо бр. 852 од 9 III 1946 год. не обавести, оти ретко кое ново отворено трговско претпријатие или претпријатие основано за време окупација да ги протоколисало фирмата при народните судови во Македонија, во смисол на § 5 Трговски закони — во врска со § 130 од Законот за претпријатијата спрема појаснението на Врховниот суд на ФНРЈ, бр. 451/45 од 13 XII 1945 год. трговските регистри ке ги водат окружните народните судови.

Со цел да се приватно-правните односно во привредата правилно одвијат и имат публицитет се

НАРЕДУВА:

За изменение и дополнение на Наредбата на овое Министерство Бр. 6033 од 30—VIII—1946 година.

Срокот за протоколација на трговските форми кои према Наредбата на овое Министерство број 6033 од 30—VIII—1946 година беше определен до 30 септември 1946 година, до 31 октомври 1946 година, заклучно.

Останалите одредби на Наредбата број 6033 од 30—VIII—1946 година остануваа во важност и со ова Наредба не се изменуат.

Препису од ова Наредба да се достави до сите народни одбори на Народна Република Македонија, до Јавниот обвинител за Македонија и објави во „Службен весник на Н. Р. Македонија"

Во Скопје 1—X 1946 година 7663

МИНИСТЕР
на трговијата и снабдуењето
(Д. Бојановски — Дизе, с. р.)

Со цел да се обезбедат потребите од ориз и се изврши правилно распределение на оризот од реколта 1946 год. и пораншните оризи Министерството на трговијата и снабдуењето на НР Македонија донесуе следното

РЕШЕНИЕ

За откуп на оризот и оризовата арпа од реколтата 1946 год. и пораншните години.

Чл. 1

Откупот на оризот и оризовата арпа од реколтата 1946 г. и пораншните години ке го врши Земското претпријатие за откуп и промет со индустриски култури во Скопје.

ЗЕМИНКУЛТ ке си поставија комисионери за извршуење на откупот во производствените центри.

Чл. 2

Цената на оризот е определена со Решение на Сојузниот уред за цени број 14099 од 20 VI 946 год. и тоа:

а) Ориз прва класа, сув, бел, примеси до 20% скршени зрна до 5% и црвени зрна до 10% за 1 кгр. — — — — — — — — — — Дин. 16

б) Ориз втора класа, сув, бел, примеси до 6% скршени зрна до 15% црвени зрна до 20% за 1 кгр. — — — — — — — — — — Дин. 14

Према горното цената на арпата се определуе за 1 кгр. — — — — — — — — Дин 9,50

Горните цени се разбираат франко склад на откупната станица

Откупот и продавањето на оризот и оризовата арпа ке остава со до сега обичајена експортива.

Чл. 3

Ценатa на оризот кои што има поголем процент примеси скршени и црвени зрна од колку се пред видува во чл. 2 се намалуе и то:

а) На секој процент примеси со2%

б) На секој процент скршени или црвени зрна со 1%

Изгорениот или умирисаниот ориз или арпа, не годни за људска храна, ке се откупуе по цени определени за зрненниот фураж.

Чл. 4

На производителите се остава за семе следните количества ориз арпа.

а) За семе на 1 декар 25 кгр. зрна

б) За исхрана на семејството на секој член по 20 кгр. арпа, или 15 кгр. ориз

Добијената арпа или ориз за сопствени потреби, производителите можат да ги продадат само на овластените комисионери по цена 20% по високо од редовната.

Производителите кои ке го продадат оризот у арпа ке можат да купат по редовни цени пшенични трици и тоа за секој 100 кгр. арпа 15 кгр. трици или 30 кгр. арпова луспа.

Уфакот од оризот се остава на производителот и може да износи до 3%.

Чл. 5

Производителите на ориз должни се да декларираат најдоцна до 15 X 1946 год. пред месните народни одбори произведената од нив арпа, а последните да утврдат произведените количества арпа на основание засејаните површини ориз и средниот жетвен принос.

Утврдувањето на количествата арпа, односно ориз кои требе задолжително да се предаде се врши на специјални формулари.

Се задолжуат производителите на ориз да предадат определеното количество арпа — ориз најдоцна д 31 X 1946 год.

По предавањето на определеното колечество арпа ориз — производителите добиват потврда.

Чл. 6

Овластените претпријатија за откуп на ориз и оризова арпа, се должни:

а) да водат магазинска книга, книга за слободните откупените количества, книга за примените налози од Министерството на трговијата и снабдуењето и книга за извршените диспозиции.

б) да дават на секој први, десети и дваести во месецот сведенија за откупениот и диспонираниот ориз на основа дадените налози или за откупеното количество оризова арпа.

в) да потврдуат на формуларите на оризопроизводителите количествата оризова арпа предадени на љуштене, количествата на откупениот ориз и количествата кои се предадени на производителите согласно Чл. 4 — на ова Решение.

Чл. 7

Љуштењето на откупената арпа ке стануе во фабриките. Фабриките ке задолжуат да лупат арпата по предвидените врсти во Чл. 2 и 4. — на ова Решение.

Чл. 8

Министерството на трговијата и снабдуењето ке издаде потребните напатствија и формулари за спроведуење на ова Решение.

Чл. 9

Неисполнение прописите на ова Решение, како и напатствијата кои ке бидат издадени во врска со него повлекуе одговорност по Законот за сузбивање на шпекулација и недопуштената саботажа.

Чл. 10

Ова Решение влегуе во сила од денот на објавуењето во „Службен весник на НР Македонија."

Министер
на трговијата и снабдуењето
Диме Бојановски — Дизе, с. р.

Потпредседател на Владата
на Н. Р. Македонија
Љубчо Арсов, с. р.

353

На основание чл. 7 од Уредбата за одредуење и контрола на ценитe. Земскиот Уред за цени при Председателството на Владата на НР Македонија го донесуе следното

РЕШЕНИЕ Бр. 62

за определуење единствена цена во продажба на дребно.

Член 1

На оризот се определуат следните цени во продажба на дребно:

1. Ориз I качество, бел со страни примеси до 2%, скршени зрна до 5% и црвени зрна до 10% за 1 кгр. динари 24.—.

2. Ориз II качество, бел, со страни примеси до 6%, скршени зрна до 15% и црвени зрна до 20% за 1 кгр. динари 21,50.

Член 2

Горните цени се разбираат во продажба на дребно за добра сува стока уобичајено качество вклучително сите јавни даџбини, со важност на целата територија на Н. Р. Македонија.

Член 3

Откупното претпријатие „Земинкулт" ке го ис-

порачуе оризот франко својот склад вклучително амбалажот и јавните дажбини но се задолжава во фактурите да ги одобруе ефективните подвозните трошкови до најблиската железничка станција на местото на купецот.

Член 4

Трговијата на едро и дребно има право на вкупно 15% рабат од горните малопродажни цени за покривање на сите свои трошкови од кои 5% припаѓа на големопродавецот а 10% на малопродавецот.

На големопродавецот му припаѓа 5% во колку стоката ја испорачуе од својот склад и франко најблиска станција до местото на малопродавецот.

Член 5

Неизвршуењето на одредбите од ова Решение ке се казни по Законот за сузбивање недопуштена трговија, недопуштена шпекулација и стопанска саботажа.

Член 6

Ова Решение влегуе во сила од денеска и истото да се објави во „Сл. весник на Н. Р. Македонија".

Бр. 6176. Скопје. 12 XI 1946 година.

Земски Уред за цени
Директор:
Д. Саботко, с. р.

354

На изменение на чл. 4. од Решението за откупот на зејтинодајните семиња од бербата 1946 год. издадено од Министерството на трговијата и снабдуењето под Бр. 328 од 21 X 1946 год. Министерството на трговијата и снабдуењето под Бр. 328 од 21 X 1946 год. Министерството на трговијата и снабдуењето донесува следното

РЕШЕНИЕ Бр. 2

Член 1

Се изменува чл. 4 од Решението за откупот на зејтинодајните семиња од бербата 1946 год. издадено од Министерството на трговијата и снабдуењето на НР Македонија како следуе:

Производителите на зејтинодајни семиња добиват по цените за големо продавците срешту предадените количества семиња.

а) За секој 100 кгр. афионско и сусамово семе продадени на овластеното претпријатие по 16 кгр. зејтин а за останалите семиња по 8 кгр. зејтин.

б) По 15 кгр. кјуспе за секој 100 кгр. предадено семе. Во случај кога производителите не подигнат кјуспето во срок од 30 дена после предавањето на семето Земското претпријатие располага со кјуспето по налог на надлежните власти.

Член 2

Ова Решение влегуе во сила од денот на објавуењето му во Службен весник на НР Македонија.

Скопје 16 XI 1946 година.

Министер на трговијата и снабд.
Д. Бојановски — Дизе с. р.

355

На основание чл. 7 од Уредбата за одредуење и контрола на цените. Земскиот Уред за цени при Председателството на Владата на Н. Р. Македонија го донесуе следното

РЕШЕНИЕ Бр. 61

за определуење единствени цени на доматената салца во продажба на дребно со важност за целата територија на НР Македонија.

Член 1

На доматената салца се определуат следните цени во продажба на дребно:

1. Доматена салца со суви материји до 38% за 1 кгр. дин 50.50
2. Доматена салца со суви материји до 40% за 2 кгр. дин 56.50.

Горните цени се разбираат франко склад на малопродавецот. вклучително сите јавни дажбини.

Член 2

Производителот на салцата истата е испорачуе франко својот склад со платен скупни порез и е должен во фактурата да ги одобри ефективните подвозни трошкови до растоварната станција најблизка до местото на купецот.

Член 3

Трговијата на едро и дребно има право на вкупно 14% рабат од горните малопродажни цени за покривание на сите свои трошкови од кои 4% припаѓа на големопродавецот а 10% на малопродавецот.

На големопродавецот му припаѓа 4% во колку стоката е испорачуе од својот склад и франко најблиска станција до местото на малопродавецот.

Член 4

Секое нарушение на прописите од ова Решение ке се казни по Законот за сузбивање на непозволена шпекула и народната трговија, шпекула и стопанска саботажа

Член 5

Ова решение влегуе во сила од денеска и истото да се објави во „Службен весник на НР Македонија".

Бр. 6175. Скопје 12 XI 1946 година.

Земски уред за цени
Директор:
Д. Саботко

На основа на член 14 став 2 од Уредбата за инвалидските принадлежности, а во согласие со Министерот на Финансиите на Н Р Македонија бр 37004 од 18 X 1946 година, го пропишуајм следниот

ПРАВИЛНИК

За начинот за исплатуењето на инвалидските принадлежности и водење евиденција за уживателите на инвалидските принадлежности.

Член 1.

Инвалидските принадлежности по Уредбата за инвалидските принадлежности, ке се исплатуат на основание на правосилните решења на инвалидските комисии и това само на лицата за кои гласат тие решења и во износот кој е назначен во истите решенија.

Осем инвалидските принадлежности се исплатува на воените војни инвалиди и на удовици и додаток за деца исто и во колку исполнуат условија по чл.5 на Уредбата за инвалидските принадлежности.

Член 2.

Наредбата за исплата ке ја издаваат Министерството на социалните грижи на НРМ на Министерството на финансиите на НРМ, а на основание решенијата наведени во член 1 на овој Правилник.. Министерството на финансиите може да врши исплата само на основа на наредбата на Министерството на социалните грижи на НРМ и тоа од каде уживателот го уведе во своите контролници.

Член 3

Кога Министерството на социалните грижи прими решение од Инвалидското одделение на Министерството на народната одбрана, односно од Инвалидските одделенија при штабовите на армијата, истото ке го уведе во специјални контролници по хронолошки ред (одделно по окружните народни одбори) и во општиот контролник (во картотеката) одделно за воените војни инвалиди, а одделно за семејствата, односно родителите, односно дедото и бабата.

Член 4.

Министерството на социјалните грижи на НРМ по потврдувањето на решението од Инвалидското одделение на Министерството на народната одбрана и од Инвалидското одделение при штабовите на армиите, од како ги заведе уживателите на инвалидските принадлежности во својот контролник, на грбот на решенијата ке лепи печат со следното содржание:

„Воведени во Ок слово ——— СК и бр. ——— на Министерството на социјалните грижи на НРМ за исплата при Министерството на Финансиите на НРМ во ————".

По това ке донесе решение за ставуење на инвалидските принадлежности воток и ке издаде наредба за исплата на Министерството на финансиите на НРМ.

Министерството на фнансиите, по приемот на наредбата за исплата, ке го уведе корисникот во своите контролници и на грбот на наредбата ке стави печат со следното содржание:

„Воведен во ОК слово ——— на Министерството на финансиите во ———— за исплата при сметководството на ова Министерство".

Член 5.

Министерството на финансиите ке направи поименичен регистер по образец Бр. 1 за сите корисници на инвалидоките принадлежности и по заведуење во контролникот ке направи ликвидациони листи за секого поодделно како и досие.

Одговорниот чиновник кои ке го пополнуе ликвидационниот лист, ке ги внесуе инвалидоките принадлежности на основание на сите докази означени во решението. Точноста на поднапоците во ликвидациотниот лист ги оверуат: ликвидаторот и контролорот.

Ликвидационите листови ке се сложат во вид на картотека одделно за воените војни инвалиди, а оддалено за останалите корисници, по азбучен ред.

Член 6.

На основание на така составен ликвидационен лист, исплатуењето на месечните инвалидски принадлежности ке се врши секој први во месецот.

Член 7.

Исплатуењето ке се врши преку Поштенската штедионица со чек.

Член 8.

Адресата на секој чек треба да биде на име на лицето на кое гласи решењето.

Исклучение од тоа, Министерството на финансиите може да го адресира чекот и на друго лице на основание на уредно полномошно направено при околискиот народен суд или околискиот народен одбор, и тоа во случај на болест, одсуство и во колку не се однесуе на преносот на правата по став 1 од чл. 30 на Законот за војните војни инвалиди. Од полномошното треба да се види причината поради кое истото се издава, како и срокот од кога това полномошно важи.

Член 9.

На лица, кои до донесуењето на правосилни решенија добивале помош или инвалидски принадлежности при други исплатни благајни, Министерството на финансиите ке стави исплатата во ток по ете приемот на паричните податоци од дотичните исплатни благајни.

При првото исплатуење Министерството на финансиите ке ги пресмета евентуалните разлики во смисол на чл. 51 на Законот за воените војни инвалиди.

Член 10.

Сите измененија кои имаат влијание на висината на инвалидоките принадлежности секој корисник е должен веднаш да ги пријави при Министерството на финансиите и Министерството за социјални грижи на НРМ.

Во колку од измененијата се уголемуе висината на инвалидоките принадлежности корисникот е должен да покрај пријавата поднесе нужните оправдателни документи од надлежниот орган на државната управа.

Се задолжуе Министерството на внатрешните работи на НРМ односно неговите органи, во случај на губење на државјанството на корисникот на инвалидоки принадлежности, да го извести Министерството на социјалните грижи и Министерството на финансиите на НРМ. Исто така се задолжуат сите судови да во случај на осуда на корисникот на инвалидоките принадлежности го извести Министерството на финансиите и Министерството на социјалните грижи, чл. 28 Законот за воените војни инвалиди.

Државни, задружни и приватни претпријатија, јавни или приватни установи, и организации должни се при прием на работа на лица кои уживат инвалидски принадлежности, да во срок од 5 дена го известат за това Министерството на финансиите и Министерството на социјалните грижи на НРМ.

Сите државни болници, санаториуми, бањи, лечилишта, инвалидски домови, колонии и сите други државни установи при примањето на лекуење, поправак или сместуење лице кое добива инвалидски принадлежности должни се да го известат за това Министерството на финансиите и Министерството на социјалните грижи на НРМ во чија надлежност подпаѓа дотично лице по местото на живеење.

Ако лекуењето, поправакот или сместуењето трае помалку од 30 дена, не е нужно испраќањето на такво известие.

Така примени известија Министерството на финансиите на НРМ ке ги унесе во своите контролници и ликвидациони листови.

Непридржуењето по прописите на овој член повлекува кривична и материјална одговорност, согласно Законот за воените војни инвалиди.

Член 11.

Сите лица кои уживаат инвалидски принадлежности должни се да поднесат пријава на секој 1 јануари за текуштата година по образец бр. 2 кој го оверуат органите на народната власт.

Кој од уживателите не поднесе благовремено

пријава исплатата на инвалидските принадлежности им се спира до поднесуење на пријавата.

Член 12

Исплатните органи ке донесуат решенија за исплатуење на погребните трошкови (Чл. 26 од Законот за воените војни инвалиди) на лица кои ке поднесат доказателства од страна на органите на народната власт, дека го извршиле погребот на воениот војни инвалид за своја сметка.

Член 13.

След ставањето во ток на инвалидските принадлежности на основание на правно-снажното решение, надлежниот исплатен орган на Министерството на финансиите на НРМ ке донесе решение за сите подоцна настанали измени кои влијаат на висината на инвалидските принадлежности.

Изменетите инвалидски принадлежности почнуваат да течат од првиот ден на наредниот месец.

Во однешение на раѓањето на деца, уживателите на инвалидските принадлежности се должни да за раѓањето поднесат пријава во срок од 90 дена. Ако пријавата се поднесуе во тој срок додатакот на децата ке тече од првиот нареден месец од раѓањето на детето.

Доколку пријавата не се поднесуе во тој срок додатакот ке тече од првиот нареден месец од кога е раѓањето пријавено.

Член 14.

Нужните кредити и парични средства ке ги бара Министерството на финансиите секој месец до 5-ти во месецот од Министерството на социалните грижи на НРМ, а ова Министерство најдоцна до 10-ти во месецот од Инвалидското одделение при Министерството на народната одбрана на ФНРЈ.

Член 15.

Министерството на финансиите за своите работи ке постапи по прописите од Правилникот на сметководно-благајничкото работење.

Член 16.

Министерство на финансиите е должно да до 15-ти секој месец за минатиот месец поднесе до Министерството на народната одбрана (Инвалидско одделение) копие до Министерството на социалните грижи известие за следното:

1) Бројот на воените војни инвалиди, по групите кои примаат полни инвалидски принадлежности и целиот износ на платената инвалиднина;

2) Бројот на воените војни инвалиди по групите кои примаат половината на инвалидските принадлежности, и целиот износ на платената инвалиднина;

3) Бројот на удовиците кои уживаат полни инвалидски принадлежности и целиот износ на платената инвалиднина;

4) Бројот на удовиците кои уживаат половина од инвалидските принадлежности, и целиот износ на платената инвалиднина;

5) Бројот на децата кои примаат полни инвалидски принадлежности, и целиот износ на платената инвалиднина;

6) Бројот на децата кои примаат половина на инвалидските принадлежности и целиот износ на платената инвалиднина;

7) Бројот на родителите, одделно ако двата родитела ги уживаат инвалидските принадлежности, а одделно ако ги ужива само еден родител, и целиот износ на платената инвалиднина;

8) Бројот на дедовци и баби кои получаваат инвалидски принадлежности;

9) Износ на исплатени инвалидски принадлежности во минатиот месец по сите точки.

Министерството на социални грижи на НР Македонија ке поднесе до 10-ти во месецот заедно со трабувањето на кредитите, ваков извештај до Инвалидско одделение на Министерството на народна одбрана на ФНРЈ.

Член 17.

Кога лицето кое ужива инвалидски принадлежности ја промени адресата должен е да веднаш го извести за това Министерството на финансиите на НРМ.

Во случај да се тоа лице преселе од територијата на НРМ на територијата на друга република, должно е за това да го извести Министерството на финансиите на НРМ, Министерството на финансиите на НРМ ке го прекрати понатамошното исплатуење на принадлежностите на такво лице и предметот со паричните додатоци, ке ги достави на Министерството за социални грижи на НРМ, а ова пак од својата картотека ке ја испрати на надлежното републиканско Министерство за социални грижи со препис од картонот и целото досие, внесајки во своите специјални контролници податоци за преселуењето и извршената исплата од касата која вршела до сега исплатуење. Министерството на финансиите по приемот на правносна жна пресуда почл. 28 и 29 по Законот за воените војни инвалиди, по кое е изречена казна на лице кое уживa инвалидски принадлежности веднаш ке спре исплатуењето, а по това во контролникот и ликвидационот лист ке констатира да ке инвалидските принадлежности спрени на дотичното лице постојано или привремено.

Ликвидационите листови на лица кои стално го загубиле правото на инвалидски принадлежности ке ги слага одвоено од останалите ликвидациони листови.

На лица кои привремено го изгубиле правото на инвалидски принадлежности со досудуењето по кривични дела, кои не се нечасни, ке се продолжуе исплатуењето после истекот на казната, ликвидационот лист ке остане во картотеката со тоа да се дотичната рубрика „Нето исплата" означи со прецртуењето за месеците во кои исплатуењето е обухватено.

Ако воениот воен инвалид, односно лицето кое уживa инвалидските принадлежности е осуденo на казна со лишуење на слобода, со принудителна работа или без принудителна работа, или со казна со принудителна работа по малку от една година, Министерството на финансиите на НРМ ке исплатуе на неговата фамилија, која тој ја издржавал 50% од неговите инвалидски принадлежности со тоа, да истото го забележи во контролникот и ликвидационот лист.

За сите овија измени Министерството на финансиите ке го известува Министерството на социални грижи на НРМ.

Поради точното и брзото снајдуење во администрацијата Министерството на Финансиите на НРМ е должно да на крај на преписката стави број на специјалниот контролник на Министерството на социјалните грижи на НРМ (ОК Бр. ——— на Министерството за социјални грижи на НРМ) под кој дотичниот корисник е регистриран при министерството.

Член 19.

Сите објасненија по овој Правилник ке ги дава Министерството на социјални грижи на НР Македонија.

Член 20.

Овој Правилник влегува во сила од денот на неговото обнародуење во „Службениот весник" на НРМ.

Во Скопје, 9 X 1946 год.
II Бр. 3261.

Министер,
на социјалните грижи на НРМ
Д-р БОРИС СПИРОВ, с. р.

ОГЛАСЕН ДЕЛ

СУДСКИ ОГЛАСИ

Никола Петров Јличковиќ, од Скопје на 7 април 1941 год. веднаш след првата бомбардировка над Скопје, до ден денеска не се вратил нити се јавил дали е жив.

Се покануе нестаналиот и секој кој нешто знае за него, да јави на судов или на старателот Јаглика Анастасова Николова од Скопје ул. 481 бр. 24 во срок од еден месец дена од објавуењето, зашто во противно нестаналиот ке се прогласи за умрен.

Од Околијскиот Суд во Скопје 9 XI 1946 год.
Р. бр. 3548/46 год.

Сер. А. Бр. 926 1—1

Леон С. Карио, неколната жена Клара и двете му керки: Бука и Малвина, живеа од гр. Скопје во месец март 1943 год. со другите евреи, се одведени во Германија од каде до денеска не се вратени нити се јавили дали се живи.

Се покануваат нестаналите Леон С Карио жена му Клара, и двете му керки на Леон: Бука и Малвина, и секој кој знае за нив да се јават во судов или на старателот Сабетаи Л. Карио от Скопје ул. 82 бр. 18 во срок од месец дена од објавуењето, зашто во противно нестаналите ке се прогласат за умрени.

Од Околијскиот Суд во гр. Скопје 21 октомври 1946 год. О. Бр. 145/46

Сер А Бр. 927 1—1

По барањето на Витал Фараджи од Битола покренат е поступак при овој суд за поништуење една полиса издадена от Француското друштво „Унисин" Белград 13 јули 1924. Бр. 226228 на 50.000 динари.

Се покануе, кој ја има горната полиса да во срок од два месеца од денот на објавуењето на овој оглас во „Службен весник на НР Македонија" е донесе истата во овој суд. Во противен случај, после овој срок полисата ке се огласи за поништена.

Од Околијскиот суд во Битола Р. Бр. 883/46.
Бр. 10379 — 1—1

Јавниот обвинител за струшка околија го тужи во судот: Рамиз Нури од с. Бороец — струшка околија.

Сега со неизвесно местожителство, за дело закана.

За заступник на обвинетиот, кој е во неизвесност судот одредуе др. Јован Костоски, адвокат од Струга кој ке го заступа на негов трошак и опасност.

Се покануе обвинетиот да се јави на претресот при овој суд на ден 19 XI 1946 година во 8 сатот.

Во случај нејавуење ке му се суди во отсаство.

Околиски суд во Струга Кр. д. Бр. 344/46 год.
Бр. 10542 — 1—1

Тужителот Тодор Г Кјурчиев од гр. Скопје, тужи во судот Зора Т. Кјурчиева со неизвесно местожителство.

За заступник на тужената страна која е во неизвесност судот одредува др. Благој Попи Панков — адвокат од Скопје, кој ке ја заступа на нејзин трошок и опасност.

Се повикуе тужената да во рок од 15 дена од објавуењето во „Службен весник" да се јави и посочи овој полномошник оти во противен случај спорот ке се реши и без нејзино присаство.

Гр. бр. 624/46 год. од 17 октом, 1946 год.
Од Окружниот суд — Скопје.

Сер. А бр. 486.

СОДРЖАЈ

Стр.

339 Указ за уважуење оставката на Министерот на социјалните грижи и именуање на негов заступник — — — — — — — — — 389

340 Указ за прогласуење на Законот за Президиумот на Уставотворното собрание на НРМ — — — — — — — — — — — — — — — 389

341 Решение на Уставотворното собрание на НРМ за усвоење извештајот на Президиумот на Народното собрание на НРМ — 390

342 Правилник за работата на Уставотворното собрание на НРМ — — — — — — — — — — 390

343 Записник од 1-иот претходен состанок на Уставотворното собрание на НРМ одржан на 1 ноември 1946 год. — — — — — — — — 396

344 Записник од II-иот претходен состанок на Уставотворното собрание на НРМ одржан на 2 XI 1946 год. — — — — — — — — — — 396

345 Решение за оценуењето на успехот на учениците — — — — — — — — — — — — 397

346 Решение за отворање на едногодишен курс за шиптарски и турски основни учители — 397

347 Решение да се потврдата за внесената сума на име депозит за меѓуградските телефонуењето бр. 6033 — — — — — — — — — — — — — — 399
ски разговори во поштата смета за ликвиден документ и да се расходува од одобреното кредит за телефонски разговори — — 397

348 Објаснение по прашањето за правото на пензија на фамилиите на оние лица кои загинале во борбата против народноослободителната војска или се стрелани поради соработуењето со окупаторот — — — — — 398

349 Напатствие за исплата аконтација по пензиите на пензионираните на НРМ и нивните семејства — — — — — — — — — — — — — — 398

350 Решение бр. 58 за определуење цените на сеното и сламата — — — — — — — — — — 399

351 Наредба за изменуење и дополнуење на Наредбата на Министерството на трг. и снаб-

352 Решение за откуп на оризот и оризовата арпа од реколтата 1946 год. и порашните родини — — — — — — — — — — — — — — 399

353 Решение бр. 62 за определуење единствените цени на оризот во продажба на дребно 400

354 Решение бр. 2 за изменуење на чл. 4 од Решението за откуп на зејтинодајните семиња од берба та 1946 год. — — — — — — — — 400

355 Решение бр. 61, за определуење на единствените цени на домаќинската сапца во продажба на дребно со важност за целата територија на Народна Република Македонија — — — 400

356 Правилник за начинот на исплатуењето на инвалидскитепринадлежности — — — — 401

Власник и издател: Претседателството на Владата на Народна Република Македонија—Скопје.